Во согласност со Законот за стопански комори (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/2002), Собранието на стопанската комора – „Комора на Сметководители МАКЕДОНИЈА“ (во понатамошниот текст „Комора“), на ден 17.11.2009 година го усвои следниот:

# СТАТУТ НА СТОПАНСКА КОМОРА „СМЕТКОВОДСТВЕНА КОМОРА “

## 1. Основни одредби

### *1.1. Мисија и цели*

1.1.1 Комората е самостојна, независна, неполитичка и непрофитна организација чија мисија е постојано да ја зголемува конкурентноста на компаниите членови на Комората, да го унапредува македонското деловно опкружување и да ја зголемува продажбата на производите на своите членки на глобалниот пазар.

1.1.2 Стратешките цели на Комората се:

1) Комуникации. Промовирање и зголемување на угледот на Комората во јавноста преку доставување на навремени, точни и релевантни информации;
2) Застапување. Воспоставување на успешна програма за застапување на членките кон двете нивоа на власт во Македонија што ќе резултира со позитивни и ефективни промени на економијата заради заштита на деловните интереси на членовите на Комората;
3) Услуги за членовите. Развој на специфични индустриски активности и иницијативи кои ги подобруваат претприемачките вештини на компаниите членови и ја унапредуваат конкурентноста и продуктивноста;
4) Поврзување. Создавање на програм за вмрежување кој овозможува врски на Комората и членките на Комората меѓу себе, другите Комори и деловни здруженија, владата и локалната самоуправа, НВО, образованието и меѓународната заедница;
5) Членство. Организирање на активности кои ќе го зголемат членството на Комората и со тоа ќе ги зајакнат позициите на Комората во општеството.

1.1.3 Со овој Статут се уредува делокругот на работа, организацијата и работата на Комората односно се обликува правилникот и активностите на комората, надлежностите и начините на

функционирање на органите и формите на учество, нејзините органи и тела, општите акти и постапката за нивно донесување, начинот и постапката за прием, упис и бришење членовите на комората, финансирање на Комората и други прашања.

### *1.2. Назив*

1.2.1 Називот на Комората е: Стопанска комора „Комора на Сметководители Македонија“ со скратен назив „СМЕТКОВОДСТВЕНА КОМОРА “.

1.2.2 Англискиот назив на Комората е: „Accounting Chamber of Commerce of Macedonia“.

1.2.3 Комората има својство на правно лице и за своите обврски Комората одговара со целиот свој имот.

### *1.3. Седиште и печат*

1.3.1 Седиштето на Комората е на ул. Прашка 23, 1000 Скопје, Македонија.

1.3.2 Комората има печат и штембил.

1.3.3 Печатот на Комората има тркалезна форма со пречник од 3см., во чија внатрешна страна полукружно е испишано: „ СМЕТКОВОДСТВЕНА КОМОРА“. Штембилот е со правоаголна форма и на него е испишано: СМЕТКОВОДСТВЕНАТА КОМОРА и празен простор за број и датум на актот што се прима или испраќа.

1.3.4 Комората, врз основа на одлука на Собранието на Комората, а во согласност член 7 став 2 од Законот за стопански комори, заради унапредување на својата работа и активности, за усогласување на посебните и заедничките интереси во областа за која се основани, како и остварување на други прашања од заеднички интерес стапува во сојуз со „Сојузот на стопански комори на Македонија“ (во понатамошниот текст како „Сојуз“).

1.3.5 Начинот на стапување во сојуз од членот 1.3.4 како и взаемните права и обврски меѓу Комората и Сојузот се дефинираат со посебен акт кој го верификува Собранието на Комората.

1.3.6 Комората, врз основа на одлука на Собранието на Комората, може да членува и во меѓународни организации и други правни асоцијации и здруженија во земјата и во странство.

1.3.7 Комората активира дополнителни иницијативи и форми на соработка со други стопански комори во мрежна форма, без ограничување на територијална блискост за да одговори на потребите на своите членови.

# 2. Предмет на работење

## *2.1. Задачи*

2.1.1 Комората ги има следните задачи:

1) Застапување, усогласување и заштита на заедничките интереси на нејзините членки пред државните органи;
2) Подобрување на резултатите на работењето на членовите на комората;
3) Разгледување прашања во врска со унапредувањето на работењето и решавањето на тековните проблеми на смеководствените бироа
4) Обезбедување на стручна помош и други деловни услуги на своите членови;
5) Учество во обликување на стопанскиот систем и мерките на економската политика;
6) ги усогласува пројавените спротивности и различни интереси во рамките на дејноста
7) усвојува заклучоци и прадлага мерки од интерес на дејноста имајќи ги предвид интересите на стопанството во целина
8) Утврдување и негување на добрите деловни обичаи, развивање на деловниот морал и утврдување на правила на однесување на своите членови во меѓусебните односи и односите со трети лица;
9) Учество во процесот на преструктурирање на стопанството;
10) Развивање на претприемачки иницијативи;
11) Промоција на македонското стопанство во странство и воспоставување на врски помеѓу деловниот свет и Македонија;
12) Потикнување на истражувања и иновации;
13) Деловно образование и усовршување;
14) Воспоставување на заеднички информативен систем;
15) Информирање на своите членови за специфичните правни и економски пазарни правила на одредени држави;
16) Стручна помош и анализа на одредени деловни проекти и потфати;
17) Учество во колективни спогодби и заговарање на заеднички настапи на членовите на комората;

18) Делување како потпора (помош) на пазарните активности на фирмите;

19) Различни облици на подобрување на стопанските односи со странство;

20) Вршење на други работи во интерес на своите членови; и

21) Активно да учествува и партиципира во работата на Сојузот на стопански комори

22) Активности околу добивање на право за издавање на лиценца за вршење на  сметководствена дејност

23) Соработка со сродни комори и асоцијации од странство, членување во Меѓународна федерација на сметководители (IFAC).

2.1.2 Комората подеднакво ги застапува интересите на сите нејзини членови. Сите членови на Комората имаат можност еднакво да ги излагаат нивните специфични интереси како внатре во комората во однос на државата, така и во странство.

2.1.3 Работата на комората е јавна. Јавноста на комората се обезбедува со постојано информирање на своите членови за работата на комората, објавување на одлуките на органите на комората преку издавање на брошури, весници, списанија и сл., како и информирање преку своја стручна служба наменета за  јавно информирање.

2.1.4 Комората својата активност ја води според принципот на слободна економска иницијатива, слободна конкуренција, авторегулирање на пазарот, заштита и достоинствено работење.

2.1.5 Комората своето дејствување го насочува кон принципите за квалитет и транспаретност, ефикасност, економичност и ефикасност фаворизирајќи го учеството на членовите. Со таа цел стручните служби на Комората обезбедуваат распространетост преку електронски мрежи  на документите и податоците на комората какви што се статутот, правилниците и другите акти за кои се смета дека се од особен интерес за фирмите и пазарот.

# 3. Членови и членство

## *3.1. Членови на Комората*

3.1.1 Членови на комората се стопански субјекти кои во соодветен регистер имаат регистрирана стопанска дејност – сметководствени и книговодствени, даночно советување, консултански услуги, како и било која друга дејност ако во рамките на субјектот има формирано оддел за вршење на сметководствени и книговодствени

работи и даночно советување за сопствени потреби. Член на Комората може да биде и било кое друго лице или организација, македонски граѓанин или странски државјанин со седиште во Македонија, кој ги исполнува сите услови за членство во Комората согласно правилата што ги определува Комисијата за членство на Комората и Законот за стопански комори.

## *3.2. Членство*

### Комисија за членство

3.2.1 За прашања поврзани со приемот на нови членови, одржување на членството и престанок на членовите, одговорна е Комисијата за членство. Оваа комисија се состои од Претседателот на Комората и други два членови на Комората.

### Прием на нови членови

3.2.2 Собранието го потврдува приемот на нови членови на Комората, согласно законот и овој статут.

3.2.3 За да се биде примен во Комората и да се одржи членството во Комората, секој член мора да има добра репутација во општеството и таа репутација да е прифатлива за Комората.

3.2.4 Кандидатите треба да ги испраќаат нивните пристапници до Комисијата за членство, која ги прифаќа или одбива таквите пристапници на нејзиниот нареден состанок. Сите кои се пријавиле и на кои им е одобрено зачленување во Комората, ќе бидат известени написмено за одлуката на Комисијата за членство.

3.2.5 Кога одлучува за нови членови, Комисијата за членство го применува дискрециониот принцип: не ги образложува негативните одлуки.

3.2.6 Комисијата за членство ги испраќа своите предлози до УО за одобрување. Ова одобрување УО го прави за време на редовно свиканите седници или по пат на гласање преку електронска пошта. На годишно ниво, Собранието јавно ќе ги потврди или јавно ќе ги одбие членовите кои биле одобрени или одбиени од УО. Пред гласањето на Собранието, УО секогаш работи во име на Собранието во врска со новото членство. Доколку нема јавно изразени приговори од некој член на Собранието, предлозите на Комисијата за членство и на УОќе се сметаат за валидни и ќе претставуваат bona fide членство во Комората.

3.2.7 Кога новите членови се прифатени од УО, ќе им се испрати фактура за коморската членарина, која треба да се плати во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на фактурата.

3.2.8 Ќе се смета дека членовите немаат "добра репутација" доколку не ја платат членарината благовремено. Потпретседателот за финансии е задолжен за испраќање на информација за евентуалните задоцнувања со плаќањето до членот кој доцни.

3.2.9 Комисијата за членство е овластена да ги извршува своите должности во врска со условите за прием и класификацијата на членовите.

3.2.10 Членовите ќе добијат потврда за членство и членски карти.

**Почесни членови**

3.2.11 Комората може да има почесни членови. Почесните членови може да бидат лица кои на Комората и донеле висок рејтинг или биле заслужни за нивните исклучителни деловни активности во поглед на Комората. Почесните членови имаат право да го користат изразот "Почесни членови". Почесните членови ќе се избираат со мнозинство гласови на Собранието и со статусот на Почесни членови нема да бидат овластени да вршат избрани функции во Комората.

**Членување на организации во Комората**

3.2.12 Собранието може да прима непрофитни организации како членови и да одобрува таквите организации да плаќаат пониска членарина од таа која се бара од другите членови. Собранието ќе го употреби своето дискреционо право да ја определи квалификацијата за статус на непрофитна организација согласно овој член, но во секој случај, регистрацијата на некоја организација како непрофитна во Македонија или во странство ќе се земе предвид при ова одлучување.

**Исклучување на членови**

3.2.13 Освен во случајот од членовите 3.3.3 и 5.1.3, Комората може да исклучи член поради недолично однесување, или член чие продолжување на членството се смета за штетно за Комората, со дво-третинско мнозинство од оние кои имаат право на глас во Собранието, под услов УО да го предложил тоа исклучување. Седум дена претходно, Координаторот ќе испрати известување до обвинетиот член и до сите членови на Комората дека на Собранието ќе се разгледува исклучување. На Собранието ќе се

гласа околу исклучувањето, без оглед дали членот чие исклучување се разгледува лично или преку претставник ќе се појави на Собранието или не.

### 3.3. Престанок на членство

3.3.1 Членувањето во Комората може да престане ако членот: (а) достави писмено барање за престанок на членување; (б) престане со работа и постоење; (в) влезе во стечајна постапка и (в) е исклучен од Комората.

3.3.2 Членовите може да се откажат од своето членство со давање на писмено известување до Координаторот. Тоа мора да се направи најдоцна еден месец пред членарината да стаса за плаќање, а во спротивно тие ќе бидат должни и за членарината за во наредниот период за плаќање на членарина.

3.3.3 Секој член може да биде исклучен од Комората ако:

1) не се придржува и не ги исполнува обврските што произлегуваат од Статутот, одлуките и заклучоците на Комората;
2) работи спротивно на интересите на Комората.

3.3.4 Начинот на исклучување на членот на Комората е наведена во делот Исклучување на членови.

### 3.4. Права, обврски и одговорности

3.4.1 Членовите на комората ги имаат следниве права, обврски и одговорности:

3) Активни и пасивни гласачки права во органите на Комората;
4) Давање на предлози за подготовка на разни акти;
5) Давање на предлози за изработка на деловни проекти;
6) Право на употребување на услугите кои ги дава комората;
7) Право на информирање на разни прашања од областа на комората;
8) Учествување во проекти во рамките на комората и надвор од неа;
9) Изнесување на меѓусебните спорови и случаите на повреда на добрите деловни обичаи, етика и морал пред судот на честа при Комората;
10) Посредување во разрешување на спорови од областа на стопанството;
11) Учествување во обезбедување на средства потребни за работа на комориte;

12) Плаќање на коморски уписен влог;

13) Редовно плаќање на членарина.

# 4. Органи и тела на комората

4.1.1 Органи на Комората се: Собрание; Управен одбор; Надзорен одбор и Претседател.

## *4.2. Собрание на Комората*

4.2.1 Собранието е највисок орган на Комората и го сочинуваат сите членови на Комората. Собранието на Комората работи на седници.

### Стандардно свикување на седница

4.2.2 Редовната годишна седница на Собранието се одржува на крајот на месец Јануари. Други седници на Собранието може да се одржат и надвор од овој период ако има потреба за тоа.

4.2.3 Седница на Собрание се одржува на барање на Претседателот на Комората или по писмено барање доставено до Координаторот на Комората од најмалку 10 редовни членови или нивни застапници.

4.2.4 Членовите на Собранието се известуваат за закажаната седница на Собранието по писмен пат користејќи пошта, телефакс или електронска пошта најмалку 21 календарски денови пред денот на нејзиното одржување, а во итни случаи може и во покус рок, но не покус од три денови.

4.2.5 Ако Претседателот на Комората не свика седница на Собранието согласно став 1 и 2 од овој член, сите органи на Комората освен Собранието се распуштаат во рок од 60 денови, а на наредната седница на Собранието задолжително се бираат нови органи.

### Свикување на седница од членови на Комората

4.2.6 Во случај на писмено барање за свикување на седница на Собранието од страна на најмалку 10 редовни членови на Комората, а Претседателот не свика Собрание во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето во седиштето на Комората, 10 редовни членови се овластени да го свикаат Собранието. Времето, местото и целите на ваквата седница ќе го одредат 10те членови според процедура опишана во член 4.2.4 на овој статут. На секоја таква седница нема да се разгледуваат други прашања освен оние

кои се наведени во барањето и дневниот ред, со тоа што членовите може да дискутираат за други прашања без гласање.

### Водење на седница

4.2.7 Секој член има право на еден глас при гласањата во Собранието. Ниту еден член нема да има право на глас доколку не ги намирил во целост своите обврски кон Комората.

4.2.8 Членовите кои не се во можност да присуствуваат на Собранието на Комората може да овластат лице кое ќе ги претставува на таа седница.

4.2.9 Членовите ќе именуваат и регистрираат кај Комората лице кое е овластено да ги претставува на Собранието како застапник. Членовите исто така може да овластат и да регистрираат лице како заменик застапник. Обајцата, застапникот и заменикот на застапникот може да присуствуваат на Собранието, но само еден може да го користи правото на глас на лицето кое ги именувало како застапник и/или заменик на застапник.

4.2.10 За кворум на Собранието ќе се смета ако на седницата на Собранието присуствуваат 26 (дваесет и шест) членови на Комората. Освен доколку е тука поинаку определено, одлуките на Собранието се донесуваат со мнозинство гласови од присутните и претставени членови. Доколку дојде до еднаква поделба наглсовите гласањето се повторува односно присутните повторно гласаат и доколку повторно има еднаква поделба на гласовите, претседателот на Собранието ќе го има одлучувачкиот глас. Гласањето ќе биде јавно, со тоа што гласањето за избор или разрешување на член на Управниот одбор ќе биде со писмено тајно гласање

4.2.11 Времето, местото и дневниот ред на седницата на Собранието го предлага Управниот Одбор, а го усвојува Собранието. При усвојувањето на дневниот ред на самата седница на Собранието, членовите на Собранието може да предложат измени и дополнувања на дневниот ред и истите да бидат усвоени со мнозинството од присутните и претставени членови на седницата.

4.2.12 Собранието:

1) го донесува Статутот на Комората;
2) ја донесува годишната програма за работа на комората
3) го усвојува Деловникот за работа на Собранието;
4) го избира Управниот одбор, Надзорниот одбор и Претседателот на комората;

5) го усвојува извештајот за работа на Управниот и Надзорниот одбор;
6) го усвојува извештајот за работа на стручните служби;
7) расправа за прашања од интерес за стопанството и донесува одлуки во врска со тоа;
8) ја контролира и ја насочува работата на Управниот одбор;
9) го разгледува и усвојува извештајот за работа на: Управниот одбор, Надзорниот одбор;
10) го разрешува Управниот одбор, Надзорниот одбор и Претседателот на комората ако констатира дека истите го кршат Уставот, законите и другите прописи, Статутот и другите акти на Комората;
11) ја разгледува завршната сметка на Комората;
12) ја утврдува основицата и стапката на членарината и коморскиот уписен влог во комората на предлог на Управниот одбор;
13) го утврдува финансовиот план на Комората;
14) Врши и други работи утврдени со статут или општ акт на комората.

4.2.13 Со Собранието на Комората раководи Претседателот на Комората. Начинот на избор на Претседателот на Комората е одреден во Деловникот за работа на Собранието на Комората.

4.2.14 За вршење на одредени работи од својот делокруг, Собранието може да формира постојани и повремени работни тела.

### *4.3. Управен одбор*

4.3.1 Управниот одбор (во понатамошниот текст УО) е раководен орган на Комората и извршен орган на Собранието. Управниот одбор го сочинуваат најмалку 9 членови кои со одлука ги избира Собранието на начин утврден со Деловникот за работа на Собранието.

4.3.2 УО се состои од еден претседател, еден заменик-претседател, еден потпретседател одговорен за финансии, други потпретседатели одговорни за хардвер, софтвер, комуникации, информатички услуги, дигитални медиуми и едукација и други членови.

4.3.3 УО:

1) одлучува за општо водење на работите на Комората;
2) именува потписници на сметките на Комората;
3) предлага на Собранието нови членови на Комората;
4) формира постојани и повремени комисии и тела и ги именува нивните членови, според потребите на Управниот Одбор;

5) ги извршува актите на Собранието на комората;
6) остварува соработка со институциите на државата, како и соработка со здруженија и организации;
7) остварува соработка со разни асоцијации на други држави и меѓународни институции;
8) по предлог на Претседателот на Комората избира Заменик-претседател на комората и Координатор на Комората;
9) ја контролира работата на Координаторот;
10) разгледува предлози, ги проучува и по нив зазема став или донесува одлуки што се од интерес за стопанството, односно комората;
11) го усвојува извештајот за работа на претседателот на комората;
12) соработува во подготовките на прописите што се однесуваат на работата на стопанството;
13) ја следи состојбата во стопанството и дава препораки и мислење за поуспешно извршување на истата;
14) донесува Правилник за систематизација на работните места во стручните служби;
15) одлучува во втор степен за сите права од работен однос за вработените во стручната служба;
16) управува со средствата на Комората и поднесува извештај;
17) ја предлага завршната сметка;
18) дава предлог за висината на коморската членарина и коморскиот уписен влог;
19) одлучува по жалби против на одлуките на Комисијата за прием, упис и бришење на членовите на комората;
20) донесува други документи предвидени со овој Статут и другите акти на комората;
21) се грижи за заштита на членовите на комората пред надлежни органи и институции;
22) поведува постапки за заштита на интересите на членовите на комората;
23) разгледува разни проблематики и потикнува за воведување на техички-технолошки унапредувања;
24) ја следи работата на стручните служби и им дава насоки во работењето и превзема мерки на нивно унапредување и развивање;
25) делегира претставници на комората во разни други здруженија, организации и асоцијации;
26) донесува деловник за работа на Управниот одбор;
27) утврдува ставови и ги застапува интересите на членови на комората;

28) следи и превзема мерки за изградба и развој на унапредување на современи методи во работата на комората;

29) врши и други работи кои со овој Статут не се во надлежност на друг орган.

4.3.4 УО е овластен да основа комисии, постојани и повремени работни тела кои се неопходни за работењето на Комората. При своето формирање, УО на првата своја седница формира Комисија за членство.

4.3.5 За својата работа најмалку еднаш годишно поднесува извештај до Собранието на комората.

4.3.6 УО може да дава писмени предлози за дискусија на Собранието, што треба да се направи не подоцна од еден работен ден пред седницата на Собранието.

4.3.7 УО ќе држи седници најмалку еднаш квартално. Сите седници и други состаноци ќе ги води Претседателот, или во негово отсуство лицата предвидени во 4.3.17 и/или 4.3.18. Претседателот на УО ќе одлучи за точниот датум, а членовите ќе добијат формална покана. Секој член може да предлага прашања за разгледување на седницата на УО.

4.3.8 Претседателот, најмалку седум дена претходно, ќе испрати до секој член покана за седницата на УО заедно со времето и местото на седницата како и предложениот дневен ред. Предметот на работа на УО не е ограничен на тоа што е наведено во известувањето за седницата.

4.3.9 Пет присутни членови на УО на седницата ќе претставува кворум. Работите на УО се одлучуваат со мнозинство гласови од присутните членови, освен доколку е тука поинаку предвидено. Претседателот ќе го има одлучувачкиот глас, доколку дојде до еднаква поделба на гласовите.

4.3.10 Седниците на УО се држат во просториите на Комората, освен доколку Претседателот не одлучи поинаку.

4.3.11 Седниците на УО може да се држат во време кое Претседателот може да ги определи или по доставено барање до Претседателот потпишано од најмалку една четвртина од членовите на УО.

4.3.12 УО е овластен да основа комисии кои се неопходни за функционирање на Комората, да ја определи нивната форма и овластувања. Првиот УО ќе основа Комисија за Членство.

4.3.13 УО ќе биде одговорен за водењето на работите на Комората. Во тоа својство, УО ќе има овластување да ги уредува работите на Комората и да го информира Собранието за лицето кое е избрано за функцијата Координатор. Одборот ќе одлучува за вработување на вработени кои по негово мислење се неопходни за соодветно водење на работите на Комората. Одборот ќе ја определува платата и надоместоците на сите лица кои се вработени во Комората.

4.3.14 Мандатот на секој член на УО ќе биде две години.

4.3.15 Во УО не може да членува лице кое не е физички присутно во Македонија најмалку шест месеци во годината.

4.3.16 Претседателот на УО ќе ги води седниците на УО.

4.3.17 Заменик-претседателот на УО ќе ги превземе обврските на Претседателот доколку не присуствува на состанокот на УО или не е во можност да ги извршува своите задолженија. Доколку Претседателот даде оставка, биде отповикан или на друг начин не е во можност перманентно да ги извршува Претседателските обврски, Заменик-претседателот ќе го замени Претседателот и ќе ја превземе Претседателската функција и неговите обврски.

4.3.18 Доколку местото на Заменик-претседателот биде испразнето поради превземањето на претседателството од страна на Заменик-претседателот согласно 4.3.17 погоре или поради оставка на Заменик-претседателот, неговата функција ќе биде пополнета од тогаш постоечките членови на УО со гласање на УО, а таквото именување ќе биде потврдено на првото наредно Собрание.

4.3.19 Потпретседателот за финансии ќе ги има овластувањата во врска со средствата кои се собрани или добиени за да бидат користени од Комората. Потпретседателот за финансии ќе се грижи за точноста на сметките согласно законската форма или ќе овласти некого да го прави тоа. Потпретседателот за финансии ќе ги предава на неговите наследници сите книговодствени материјали на Комората и ќе ги потпишува записниците од седниците на УО. Во случај на упразнивање на местото Потпретседателот за финансии од било кои причини, оваа функција ќе се пополнува врз основа на резултатите од гласањето на претходното Собрание, со тоа што местото на Потпретседателот за финансии ќе биде пополнето со кандидатот кој на тоа Собрание добил најголем број на гласови за местото Потпретседателот за финансии по лицето кое било именувано на тоа Собрание за Потпретседателот за финансии, а секое такво именување треба да биде потврдено на првото наредно Собрание.

4.3.20 Членовите на УО кои не присуствуваат на закажаните седници на УО мора да го информираат Координаторот за причината на нивното отсуство. Доколку член на УО изостанува од три последователни состаноци кои се свикани на начин пропишан со овој акт без причина или од причини кои УО ги оцени како несоодветни, ќе се смета дека оставката на тој член е дадена и прифатена од Комората.

4.3.21 УО ќе дава писмен или усмен извештај за работата на Комората до Собранието на Комората во Февруари или Март секоја година. Во случај на усмен извештај, секој член ќе добие известување за Собранието на кое усмениот извештај ќе биде даден, најмалку 21 ден пред одржување на тоа Собрание.

4.3.22 Без оглед на одредбите од поглавјето за Членство, Комората ќе има ex officio членови кои нема да имаат право на глас.

4.3.23 Ex officio членови на Комората може да бидат:

1) Претседателот на Македонија;
2) Претседателот на Владата на Македонија;
3) Економските министри во Владата на Македонија;
4) Министерот одговорен за надворешни работи во Владата на РМ;
5) Министерот одговорен за евроинтеграции во Владата на РМ;
6) Претставник на политичката опозиција во Македонија;
7) Претседателот на Сојузот на стопански комори на Македонија;
8) Сите поранешни Претседатели на УО на Комората.

## *4.4. Надзорен одбор*

4.4.1 Надзорниот одбор (во понатамошниот текст НО) брои најмалку 2 члена кои со одлука ги избира Собранието. Бројот на членови на НО ќе се определува во зависност од бројот на членовите на Комората и ќе биде утврден со посебен акт на Собранието на комората.

4.4.2 Секој член може да има свој заменик, кој присуствува на работата на Надзорниот одбор во случај на спреченост на членот кого го заменува.

4.4.3 НО работи на седници кои се одржуваат по потреба. Седниците на Надзорниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот на Надзорниот одбор.

4.4.4 Членовите на надзорниот одбор се избираат за време од две години со можност за повторен реизбор.

4.4.5 Надзорниот одбор:

1) врши контрола на финансиското и материјалното работење на Комората;
2) ја разгледува завршната сметка на Комората и дава мислење до Собранието;
3) врши надзор над спроведувањето на Статутот на комората и другите акти;
4) врши надзор над остварувањето на правата и извршувањето на обврските на членовите на комората; и
5) други работи кои ќе му ги додели Собранието на комората

4.4.6 За својата работа најмалку еднаш годишно поднесува извештај до Собранието на комората.

### *4.5. Претседател на комората*

4.5.1 Претседател на Комората е Претседателот на Управниот одбор на Комората. За својата работа најмалку еднаш годишно поднесува извештај до Управниот одбор.

4.5.2 Мандатот на Претседателот трае две години со можност на повторен избор. Во случај мандатот да истече, а Собранието да не избере нов Претседател, постоечкиот Претседател ја обавува функцијата Претседател до наредното Собрание.

4.5.3 Претседателот на Комората го избира Собранието на комората од редовите на членовите на Управниот одбор.

4.5.4 Претседателот на комората:

1) Ги свикува седниците на Управниот одбор и заседава со нив;
2) ја претставува и застапува комората;
3) ја спроведува програмата на комората и е грижи за нејзино спроведување;
4) ги потпишува и спроведува заклучоците на Собранието и органите на Собранието;
5) го предлага заменик-претседателот на комората и Координаторот;
6) учетвува и ја организира работата во работата на Управниот Одбор;
7) одговара за законитост за својата работа;

8) самостојно располага со средства на Комората до висина до 100.000,00 денари;

9) Врши и други работи кои му се доверени.

### *4.6. Заменик-претседател на комората*

4.6.1 Заменик-претседателот на комората го избира Управниот одбор на комората на предлог од Претседателот на Комората.

4.6.2 Заменик-претседателот на комората се бира за време од две години со право на повторен избор.

4.6.3 Заменик-претседателот на комората му помага на Претседателот на Комората во вршење на неговата функција и во случај на спреченост на Претседателот истиот го заменува.

4.6.4 Заменик-претседателот на комората врши и други работи кои му се доверни од Претседателот или со некој акт на комората.

### *4.7. Координатор на Комората*

4.7.1 Координаторот го избира Управниот одбор од редовите на стручната служба.

4.7.2 Координаторот се бира за време од две години со право на повторен избор.

4.7.3 Координаторот:

1) му помага на претседателот и потпретседателите на Комората во вршење на нивните функции;

2) ја организира административната дејност на Комората;

3) организира исполнување на одлуките на управниот одбор на коморите;

4) врши и други работи кои му се доверени од Претседателот или со некој акт на комората.

### *4.8. Стручна служба*

4.8.1 Стручните, помошните и административните работи за потребите на комората ги извршува стручната служба на Комората.

4.8.2 Стручната служба која работи во рамките на Комората донесува свои деловник за работа и се придржува кон истиот.

4.8.3 Стручната служба за својата работа најмалку еднаш годишно поднесува извештај до Собранието на комората.

4.8.4 Со стручната служба раководи Координаторот кој за својата работа одговара пред Управниот одбор.

4.8.5 Координаторот и другите членови на стручната служба учествуваат во работата на органите и телата на Комората и даваат свое мислење без право на глас.

4.8.6 Систематизацијата на работните места, бројот на работниците, нивните права и обврски, платите и другите надоместоци се уредуваат со Правилник, кој го донесува собранието на предлог на Управниот одбор на Комората, а изработен од страна на Координаторот.

4.8.7 Стручната служба на Комората подготвува информации, анализи, нацрти на општи и други акти за потребите на Комората, иницира предлози за донесување и подготвува мислење по предлози на разни прописи од областа на стопанството и други работи предвидени со некој акт на Комората.

4.8.8 Стручната служба на Комората обезбедуваат деловни информации, податоци, стручни совети, анализи,сугестии и сл. со кои се овозможува успешно работење на членовите на комората.

4.8.9 Во извршувањето на своите задачи стручната служба соработува со членовите на Комората, со стручните служби од другите комори кои се здружени во Сојузот на стопански комори, со стручната служба на Сојузот на стопанските комори и со разни научни, стручни и други организации и асоцијации.

### *4.9. Претставници во Сојузот*

4.9.1 За потребите на членовите на Комората, Комората делегира свои претставници во собранието на Сојузот. Бројот на претставници што ќе ја застапува Комората во Сојузот нема да биде помал од 5 членови и ќе зависи од овој статут и од актите на Сојузот.

4.9.2 Претседателот на Комората е претставник на собранието на Сојузот кој се усвојува без гласање.

4.9.3 Начинот на избор на претставниците во собранието на Сојузот се дефинира во Деловникот на Комората.

4.9.4 Мандатот на претставниците во собранието на Сојузот трае додека трае мандатот на тековниот УО на Комората.

4.9.5 Претставниците на Комората во Сојузот ги имаат следните задачи:

1) Застапување на интересите на членките на Комората во Сојузот на комори;
2) Информирање за активностите и заклучоците од седниците на органите и телата на Сојузот што се поврзани со Комората;
3) Други задачи кои ќе ги одреди УО и Собранието на Комората.

# 5. Финансиска структура

5.1.1 Комората се финансира од:

1) коморска членарина;
2) уписена членарина;
3) подароци и фондации;
4) надомест за услуги кои ги пружа комората; и
5) други приходи во согласност со законот, статутот и другите општи акти кои ги донесува комората.

5.1.2 Членарината, давачките и прашањата во врска со тоа се подготвуваат од УО и се уредуваат од Собранието, а се прегледуваат годишно.

5.1.3 Членовите се должни да ги подмируваат своите обврски кон Комората навремено. Доколку обврската на некој член остане неплатена после доспевањето за период од три месеци, со одлука на Собранието, членот може да биде исклучен од Комората, со известување до сите членови.

5.1.4 УО или овластеното лице ќе ги чува точните сметки за износите на средства кои се примени и потрошени од Комората и за имотот и обврските. Еднаш годишно, сметките на Комората ќе се испитуваат како и точноста на завршната сметка. На барање од НО завршната сметка може да биде проверена и верификувана од еден или повеќе ревизори согласно меѓународните сметководствени стандарди.

5.1.5 Дополнителни давачки може да се наметнуваат на членовите на Комората само со одобрување преку тајно гласање на Собранието на две-третини од гласовите кои имаат право на глас.

5.1.6 По исклучок на член 5.1.2, на своја седница, УО со мнозинство од гласови може да наметне само на членовите на УО и НО дополнителни давачки без да ја потврди таа одлука Собранието на Комората.

5.1.7 Со средствата на Комората располага Управниот одбор, со одлуки што се извршуваат од страна на овластени потписници, а врз основа на овој Статут и законот.

5.1.8 Начинот на фактурирање и наплата на членарината и другите давачки се уредуваат во согласност со Сојузот на стопански комори на Македонија.

# 6. Организирање на Комората

## 6.1. Општи акти и постапка за нивно донесување

### Општи акти

6.1.1 Општи акти на Комората се:

1) Статут на Комората;
2) Деловници за работа на органи и тела на Комората;
3) Правилници;
4) Одлуки и други акти кои имаат карактер на општи акти.

6.1.2 Актите на Комората мора да бидат во согласност со Уставот, Законот за стопанските комори, Статутот и другите закони.

6.1.3 Актите кои ги донесува Собранието не можат да се пренесат во надлежност на другите органи на Комората.

6.1.4 Управниот одбор општите акти ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

6.1.5 Постапка за донесување, измена или дополнување на општ акт, чие донесување е во надлежност на Управниот одбор, може да поведат Комисиите на Управниот одбор или секој член на комората. Постапката се поведува со поднесување предлог во писмена форма. Управниот одбор е должен да го разгледа предлогот и по истиот да донесе одлука. Примерок од оваа одлука, Управниот одбор му доставува на предлагачот.

### Статут и негово изменување и дополнување

6.1.6 Статутот го донесува Собранието на Комората со мнозинство гласови од вкупниот број претставници.

6.1.7 Иницијатива за донесување на Статут, измена и дополнување, може да покрене секој член на Комората кој го доставува до Управниот одбор.

6.1.8 Предлог за донесување на Статут, предлог за нивна измена и дополнување поднесува Управниот одбор до Собранието на Комората. Пред поднесување на овој предлог, Управниот одбор го доставува истиот на службите кои се должни своите забелешки да ги достават во рок од 10 работни денови.

6.1.9 По истекот на рокот од претходниот член, Управниот одбор го утврдува конечниот текст на предлогот и го доставува на Собранието, најмалку 15 дена пред неговото одржување.

**Одлучување на органите**

6.1.10 Органите и телата на Комората донесуваат Деловници за својата работа.

6.1.11 Одлуките на органите и телата на комората се донесуваат со мнозинство од вкупниот број на присутните членови на органите односно телото.

## *6.2. Посебни организациони облици*

6.2.1 Членовите на комората во рамките на комората можат да одлучат и да дејствуваат преку посебни организациони облици, заради поуспешно и поефикасно остврување на своите специфични заеднички интереси.

6.2.2 Одлуката за здружување во посебни организациони облици се донесува по претходно добиено мислење од Собранието на комората.

6.2.3 Средствата за работењето на посебни организациони облици ги обезбедуваат членовите кои во нив се здружиле.

## *6.3. Територијално делување и здружување*

6.3.1 Комората може со одлука на Собранието на комората да одлучи да основа и територијални единици за остварување на своите цели и задачи како територијално организирање на членовите на Комората.

6.3.2 Поврзување на членките на Комората по дејности ќе се врши и на ниво на територијални единици – во групи кои се основани во

зависност од бројот, структурата и интересите на стопанските субјекти во даден регион.

6.3.3 Собранието со посебен акт ќе го утврди начинот на основање и работење на своите територијални единици.

### *6.4. Суд на честа*

6.4.1 Во рамките на комората собранието со посебен акт ќе формира посебен орган - Суд на честа како независен орган кој ќе се грижи за развивање, остварување и зајакнување на добрите деловни обичаи и деловниот морал како и заштита на истите. Истовремено Судот на Честа ќе одлучува и за неизвршување на обврските на членовите на комората, како и за други повреди на актите на комората за чии повреди може да се изречат мерки во согласност со рамките на актите на комората, како и повреди на добрите деловни обичаи односно правилата на деловната етика.

### *6.5. Арбитражен суд*

6.5.1 Во рамките на Комората, Собранието со посебен акт ќе формира посебен орган – Арбитражен суд кој ќе биде надлежен да ги решава вонсудските спорови што настануваат во прометот со стоки и услуги (трговски спорови).

6.5.2 Согласно правилникот за работа на Арбитражниот суд што ќе го изготви УО на Комората, а ќе го верификува Собранието на Комората, пред истиот ќе можат да се покренуваат постапки за посредување, спогодување, односно решавање на споровите настанати од меѓусебните односи во областа на прометот на стоки и услуги (трговски спорови) што претпријатијата самостојно ги уредуваат, или што произлегуваат од правата со кои располагаат, освен оние за кои со Закон, или друг пропис е утврдена исклучителна надлежност на редовните судови.

## 7. Престанок на Комората

7.1.1 Комората ќе престане со работа ако за тоа одлучат членовите на Собранието или ако настанат причини за престанок кои се утврдени со законските прописи во Македонија.

7.1.2 Одлука за престанок на Комората донесува Собранието со 2/3 мнозинство од членовите на комората.

7.1.3 По престанок на работата на Комората, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирување на обврските се преминуваат во сопственост на основачите на Комората.

## 8. Преодни и завршни одредби

8.1.1 Сите општи акти на Комората ќе се донесат и усогласат со одредбите на овој Статут во рок од 120 дена од денот на неговото влегување во сила.

8.1.2 Овој Статут е донесен на ден 17.11.2009 и влегува во сила на денот на неговото донесување.

Скопје, 17.11.2009 Претседател

________________________________

Содржина

1. Основни одредби ... 1
1.1. Мисија и цели ... 1
1.2. Назив ... 2
1.3. Седиште и печат ... 2
2. Предмет на работење ... 3
2.1. Задачи ... 3
3. Членови и членство ... 4
3.1. Членови на Комората ... 4
3.2. Членство ... 4
Комисија за членство ... 5
Прием на нови членови ... 5
Почесни членови ... 6
Членување на организации во Комората ... 6
Исклучување на членови ... 6
3.3. Престанок на членство ... 7
3.4. Права, обврски и одговорности ... 7
4. Органи и тела на комората ... 8
4.2. Собрание на Комората ... 8
Стандардно свикување на седница ... 8
Свикување на седница од членови на Комората ... 8
Водење на седница ... 9
4.3. Управен одбор ... 10
4.4. Надзорен одбор ... 14
4.5. Претседател на комората ... 15
4.6. Заменик-претседател на комората ... 16
4.7. Координатор на Комората ... 16
4.8. Стручна служба ... 16
4.9. Претставници во Сојузот ... 17
5. Финансиска структура ... 18
6. Организирање на Комората ... 19
6.1. Општи акти и постапка за нивно донесување ... 19
Општи акти ... 19
Статут и негово изменување и дополнување ... 19
Одлучување на органите ... 20
6.2. Посебни организациони облици ... 20
6.3. Територијално делување и здружување ... 20
6.4. Суд на честа ... 21
6.5. Арбитражен суд ... 21
7. Престанок на Комората ... 21
8. Преодни и завршни одредби ... 22